Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 10.11.2021

На 09.11.2021 околу 10.30 часот во тетовско Доброште, полициски службеници на СВР Тетово, врз основа на судска наредба, го приведе 32-годишниот Д.И. од ова село. За него била распишана централна и меѓународна потерница за издржување затворска казна за сторено кривично дело „тешка кражба". Д.И. бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Џ.К.(31) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уцена", казниво по член 259 од Кривичниот законик. Таа се сомничи дека го уценувала Д.И.(59) од Скопје дека на социјалните мрежи ќе објави фотографии и видео материјал со компромитирачка содржина доколку не ѝ даде пари. По преземени мерки од полициски службеници при СВР Скопје во координација со Основното јавно обвинителство Скопје Џ.К. била лишена од слобода и кај неа биле пронајдени дел од парите што ги добила од оштетениот.

На 09.11.2021 во 17.30 часот на ул.„Лазар Трповски" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим - Потраги при СВР Скопје, врз основа на судска наредба, го лишиле од слобода Д.Г.(24) од Скопје. За него била распишана централна потерница по наредба на Основното јавно обвинителство Велес за истрага, поради сомнение за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Лицето било предадено во Полициската станица Бит Пазар за понатамошна постапка.

На 09.11.2021 околу 23.00 часот на ул.„Бањешница" во Гостивар, полициски службеницина СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 57-годишниот А.У. од гостиварска Долна Бањица, поради сомнение дека извршил кражба на неколку предмети, кои биле пронајдени и одземени. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот, по што ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 09.11.2021 во 20.00 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Ф.Б.(26) и А.Д.(37), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги", казниво по член 216 од Кривичниот законик, при што кај А.Д. била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.11.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 20 прекршоци, од кои 11 надвор од населено место и 9 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 10 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило и 2 за некористење на сигурносен појас.

На 09.11.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 16 мерки и тоа 9 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 7 за пречекорување на брзината надвор од населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 09.11.2021 околу 18.15 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од улиците „Филип Втори Македонски", „Ило Џокановски" и „Џане Василев" во Битола, мопед со битолски регистарски ознаки, управуван од малолетник, удрил во велосипедист М.Р.(73), двајцата од Битола. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил М.Р., констатирани во Клиничката болница Битола. Увид на местото извршила увидна екипа од Полициската станица Битола.

Во текот на изминатото деноноќие (09.11/10.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 20 прекршоци.

На 09.11.2021 во 17.45 часот во СВР Скопје, М.К.(39) од Скопје пријавила дека на игралиште во основно училиште во нас.Радишани нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Сектор за односи со јавност и протокол

10 Ноември, 2021

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.Б.(38) од струшкото село Велешта, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" и против Ќ.И.(38) од истото село, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање на сторител во извршено кривично дело". На 19.03.2021 на регионалниот пат Струга - Дебар, кај село Велешта, полициските службеници од САЕ „Тигар" и Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал извршиле контрола во патничко возило управувано од Ќ.И., при што пронашле и одзеле полуавтоматско оружје „СИГ" калибар 9 мм, што Б.Б. нелегално го поседувал.

На 10.11.2021 во 07.16 часот во СВР Скопје, Д.Ј. пријавил дека во периодот од 23.00 часот на 09.11. до 07.00 часот на 10.11.2021 на паркинг на бул.„Јане Сандански" со пурпена му било оштетено патничко возило „шкода фабија", со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против П.Г.(25) од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „овозможување на употреба на наркотични дроги психотропни супстанции и прекурсори" и „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 05.02.2021, при извршен претрес во дом и други простории на пријавениот, била пронајдена и одземена марихуана.

На 09.11.2021 околу 17.40 часот во СВР Скопје, А.А.(35) пријавил дека во гаража од зграда на ул. „Тодор Александров" бил физички нападнат од соседот Б.Б.(52), кој притоа му се заканил со пиштол и го удрил со него. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.Б.(64) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Пријавената, вработена како благајник во дом за стари лица во Прилеп, ополномоштена да располага со лични средства од трансакциските сметки на корисниците во домот, во два наврата преправила банкарски налози издадени од банка и наместо подигнатите 10.000, односно 5.000 денари напишала дека подигнала по 1.000 денари, а откако ги подигнала средствата впишани на налозите, во својство на полномошник на трансакциските сметки, ги дала на главна сестра во домот.

На 09.11.2021 во 08.30 часот во СВР Скопје, Ѓ.Ж.(75) од с.Глуво, скопско, пријавил дека на 08.11.2021 околу 22.10 часот три лица физички ги нападнале него и неговата сопруга В.Ж.(70) и им одзеле мобилни телефони, пари и накит од домот. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против С.Ф.(33) од с.Беловиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно оружје при тепачка или караница". На 12.092021 во казино во Гостивар, пријавениот со тврд предмет се обидел да нападне вработен во казиното.

На 09.11.2021 во 19.08 часот во СВР Скопје, Н.Б.(47) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека околу 18.30 часот пред влез на средно училиште на подрачјето на Аеродром неговиот малолетен син бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.11.2021 во СВР Скопје било пријавено дека на 08.11.2021 во 17.40 часот во Јавна установа за згрижување на деца во с.Визбегово, скопско, се вратил нивниот штитеник Д.С.(17) од Крива Паланка, за кој на 22.10.2021 беше пријавено дека се оддалечил од установата.

На 09.11.2021 во 12.15 часот во СВР Скопје, М.М.(57) од с.Бојане, скопско, пријавил дека околу 12.15 часот во објект на ул.„Перо Наков", на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.М.(32) и Е.М.(44), двајцата од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 09.11.2021 во СВР Охрид, Т.П.(20) од Охрид пријавила дека во близина на плажата „Горица" била касната од куче сопственост на Б.Г. од Охрид. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава против сопственикот.

На 09.11.2021 во 21.30 часот во СВР Скопје, С.Н.(40) од с.Крушопек, скопско, пријавил дека во с.Сарај, скопско, неговиот малолетен син бил физички нападнат со тврд предмет од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.11.2021 во СВР Скопје било пријавено дека на 31.10.2021 околу 11.00 часот, М.С.(49) од с.Батинци, скопско, додека бил на своето работно место во Поликлиника Драчево, бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.11.2021 во 02.30 часот во Полициската станица Чаир, од СОС-Детско село на ул.„Бутелска" во Скопје било пријавено дека од установата се оддалечил И.П.(16). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 09.11.2021 во 22.32 часот во СВР Скопје, А.М.(25) од Скопје пријавил дека во 21.00 часот на паркинг на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од В.П.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9. 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет